Република Северна Македонија

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

- Управа за хидрометеоролошки работи -

Архивски број: 03-465/1
12.05.2026

ИНСТРУКЦИЈА ПО ЈАВЕН ПОВИК

за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство -УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ СКОПЈЕ, со седиште на ул.Скупи бр.28, (во понатамошниот текст Управата за за хидрометеоролошки работи) има потреба од избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад за движните ствари како електронски отпад- информатичка опрема и електрични уреди кои се дотраени, неупотребливи или технолошки застарени поради што не се користат од страна на Управата за хидрометеоролошки работи.

II.ОПИС НА ПРЕДМЕТОТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на јавниот повик се движни ствари: - информатичка опрема и електрични уреди кошто согласно чл.42 став 3 од Законот за користење со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, се дотраени, неупотребливи или технолошки застарени и не ги користи Управата за хидрометеоролошки работи или правните лица основани од државата, исто така и не можат да се дадат на користење, да продадат или разменат бидејќи сметководствената вредност им е нула. Движните ствари, предмет на овој јавен повик се наоѓаат во просториите на Управата за хидрометеоролошки работи на ул..Скупи бр.28 во Скопје.

Движните ствари кои се предмет на јавниот повик детално се опишани во Прилог 1, со назив/опис на движната ствар, единечна мера и количина.
Избраното правно лице има обврска да изврши преземање на движните ствари предмет на јавниот повик од наведената локација и истите да ги транспортира како отпад на соодветен начин, во согласност со законските прописи.

III. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР

Критериум за избор на правно лице е преземање на движните ствари предмет на јавниот повик во најкраток можен рок, без надомест.
Доколку повеќе правни лица понудат исто времетраење на преземање на движните ствари предмет на јавниот повик, во тој случај ќе се избере правното лице кое прво поднело пријава за учество .
Доколку е пристигната само една пријава за учество од едно правно лице, Управата за хидрометеоролошки работи, ќе изврши избор на тоа правно лице.

Република Северна Македонија

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

- Управа за хидрометеоролошки работи -

IV. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право да поднесат пријава за учество имаат сите заинтересирани правни лица регистрирани за вршење на дејноста или поседуваат дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

Документи кои треба да се достават кон пријавата за учество се следниве:

- Способност за вршење на дејност:
  - Документ за регистрирана дејност;

  Тековна состојба (не постара од 6 месеци);

  -Дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад(отпад од дрво, метал, пластика и електричен/електронски отпад), издадена од надлежен орган.

- Техничка и професионална способност
  - Изјава дека располага со соодветни транспортни средства за извршување на предметот на јавниот повик.
  - Изјава дека за непречено извршување на услугата ќе има на располагање во секое време доволен број на лица за извршување на услугата предмет на јавниот повик и
  - Изјава дека по преземањето на стварите(информатичка опрема и електрични уреди) истите ќе бидат соодветно уништени и рециклирани во согласност со законските прописи и нема да се злоупотребат податоците од информатичката опрема.

Документите за способност за вршење на професионална дејност, како и техничка и професионална способност се приложуваат во оригинал или во копија заверена од правното лице со потпис на одговорното лице и со назнака „Верно на оригиналот".

Доколку избраното правно лице се откаже од склучување на договорот, во тој случај склучување на договор ќе му биде понудено на наредното правно лице кое поднело пријава за учество и соодветна документација предвидена во јавниот повик.

V. ПРАШАЊА И ПОЈАСНУВАЊА

Лица за контакт во врска со јавниот повик се Сунчица Димовска , тел.078/343-936, e-mail:dsuncica@yahoo.com и Наташа Кратовалиева, тел.071/396-330 e-mail:natasha.kratovalieva@meteo.gov.mk

Подетални информации може да се добијат секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот.

VI. КРАЕН РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО

Краен рок за доставување на пријава за учество е до 26.05.2026 година до 15:00 часот.

Пријавитесе поднесуваат:

- по пошта на следнава адреса: УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ СКОПЈЕ, со седиште на ул.Скупи бр.28, или

-директно во архивата на Управата за хидрометеоролошки работи,, лоцирана на ул.„Скупи" бр.28, Скопје.

Пријавата која е поднесена по истекот на крајниот рок, се отфрла како задоцнета.

Правното лице го приложува оригиналниот примерок на пријавата со документите кон неа во затворен коверт.

Република Северна Македонија

Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство

- Управа за хидрометеоролошки работи -

Пример како треба да изгледа предната страна на затворениот коверт за правните лица кои ке поднесуваат пријава за учество на јавниот повик преку пошта или директно во писарницата на Управата за хидрометеоролошки работи.

„Не отворај“

За јавен повик
за избор на правно лице кое врши дејност
или поседува дозволаза собирање и/или
**транспортирање,преработка, рециклирање **
и уништување на отпад

Примач
-УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ СКОПЈЕ,
со седиште на ул.Скупи бр.28, Скопје

VII. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР

Управата за хидрометеоролошки работи по истекот на најмногу 3-три дена од денот на донесувањето на одлуката за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, ќе го извести во писмена форма избраното правно лице. Истовремено, Управата за хидрометеоролошки работи ќе ги извести сите правни лица кои учествувале на јавниот повик за извршениот избор.

Управата за хидрометеоролошки работи ќе склучи договор со избраното правно лице кои поднело пријава за учество за преземање на движните ствари и кои ги исполнува условите наведени во јавниот повик.

Доколку избраното правно лице се откаже од склучување на договорот или доколку не го потпише во рок од 5 (пет) дена откако договорот е доставен до него електронски на официјална електронска адреса наведена во пријавата за учество по јавниот повик, во тој случај склучување на договор ќе му биде понудено на наредното правно лице кое поднело пријава со прифатлива понуда за учество и соодветна документација предвидена во јавниот повик.

VIII.ОБВРСКИ НА ИЗБРАНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ ПО СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Правното лице со кое Управата за хидрометеоролошки работи ќе склучи договор е должно да изврши преземање на движните ствари предмет на јавниот повик од наведената локација и истите да ги транспортираат на соодветен начин, согласно законските прописи.

Управата за хидрометеоролошки работи и избраното правно лице се должни да извршат записничко примопредавање на движните ствари предмет на јавниот повик.

Комисија за спроведување на постапки за предавање на движни ствари без сметководствена вредност при Управат за хидрометеоролошки работи

-Јелена Недиќ-претседател _____

-Сунчица Димовска, член_____

-Ивица Тодоровски, -член_____